Република Северна Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ
Бр. 03-293/1
29.05 2020 година
СКОПЈЕ

**Република Северна Македонија**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Факултет за музичка уметност – Скопје**

Питу Гули бр. 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
http://fmu.ukim.edu.mk/
тел. +389 (0)2 3134 345 email: fmu@fmu.ukim.edu.mk

Одговор на писмото објавено на fakulteti.mk во име на студентското собрание на ФМУ – Скопје

Почитувани колеги студенти, членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за музичка уметност – Скопје,

Многу бевме изненадени кога на fakulteti.mk во име на студентското собрание на ФМУ видовме објавено писмо, кое не е потпишано, и не е јасно кој го напишал и доставил. Иако објавеното писмо почнува со „Ние, студентското собрание при ФМУ“, сепак останува нејасно во чие име е напишано, односно дали Факултетското студентско собрание на ФМУ – Скопје и неговите тела имале официјални состаноци (се разбира и по електронски пат) и донеле соодветни документ-одлуки врз кои се базира ова писмо. Ова дотолку повеќе што пред ова писмо во изминатите месеци ниту Деканатската управа на ФМУ – Скопје, ниту нејзините членови поединично немаат добиено никаков официјален допис или одлука од ФСС.

За да се реагира за некакви состојби во ФМУ најнапред треба да се контактира Деканатската управа во која претседателот на ФСС на ФМУ – Скопје е и нејзин член и е уредно поканувал на нејзините состаноци. Раководството на ФСС треба да ги почитува процедурите за приговори и забелешки. Во таа смисла, тие треба да стигнуваат во писмена форма, потпишани и заверени од соодветното раководно лице, со аргументи кога и на кој состанок бил расправан проблемот, кој стои зад одлуката, се разбира со соодветна документација на потписи. Треба да напомениме и дека самото Факултетско студентско собрание е оформено по иницијативата на Деканатската управа на ФМУ – Скопје токму со идејата и желбата максимално да се соработува со студентите во интерес на нивниот професионален растеж преку наставата и воннаставните активности.

Доколку не се почитуваат овие норми и процедури можно е од мали интересни групи да дојде до злоупотреби и, како и во случајов, за ФМУ и професорите на ФМУ да се пласираат искривените информации и навредливи квалификации кои не доликуваат на академското однесување и меѓусебно почитување, и што е најбитно, да се загрози угледот на институцијата.

Во условите на пандемијата и вонредната состојба, разбирлива е загриженоста на сите чинители на образовниот процес за тоа како тој се одвива, како се остварува наставата и како се спроведува процесот на проверување и оценување на знаењето. Како Деканатска управа на Факултетот за музичка уметност – Скопје ја делиме загриженоста на студентите и ја почитуваме нивната желба за совладување на знаењето и објективноста на оценувањето.

Исто така јасно ни е дека раководството на ФСС искуството го стекнува работејќи во телата и можни се вакви грешки. Веруваме дека ова е направено од непромисленост, а не од зла намера, и затоа сме толерантни и отворени натаму за соработка, посебно што големиот дел на индивидуална настава и работа во помали

групи на факултетот гради многу поблиски релации, одошто кај студентите на другите факултети. Вие сте наши студенти и во суштината на нашиот интерес и интересот на институцијата е квалитетот на наставата и нејзиното реноме.

Од друга страна, треба да се има предвид дека ширењето на дезинформации и непочитувањето на законските акти на институцијата повлекува и дисциплинска и друга одговорност.

Деканатската управа и професорите на ФМУ – Скопје секогаш се отворени за соработката и комуникацијата со студентите и со Факултетското студентско собрание за сите прашања кои се однесуваат на подобрувањето и напредокот на наставниот процес и очекуваме дека натамошната соработка со вас ќе се одвива преку востановените норми за комуникација и покренување иницијативи. Во изминатиот период Деканатската управа интензивно работи на организирањето на јунската испитна сесија, почитувајќи ги одлуките на Владата на РСМ, УКИМ и други релевантни институции за што наскоро ќе бидат известени сите студенти. Целта е да се предложи најсоодветниот начин на полагање испити и оценување во интерес на студентите кои, заедно со наставниците и други вработени на ФМУ – Скопје, во летниот семестар работеа во вонредни услови.

Со желба и подготвеност за секаква соработка,
Во име на Деканатската управа на Факултетот за музичка уметност – Скопје
Декан, проф. м-р Живко Фирфов